# МАТЕМАТИЧКИ ЗАДАЧИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РЕФЛЕКСИЈАТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ПОЧЕТНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА

*Валентина Гоговска* [1]

[1] *Институт за математика,*
*Природно-математички факултет,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*

e-mail: valentine.gogovska@gmail.com

Математичките задачи и нивното решавање се ефективно средство за развивање на математичката дејност и креативноста кај учениците. Рефлексијата се поврзува со „аха“ моментот, а е неопходна за создавање трајни и структурни знаења кај учениците. Во овој труд ќе бидат избрани соодветни задачи за најмладите ученици од првите пет одделенија со кои рефлексијата ќе се поттикне и дополнително мотивира. Се надевам дека овој труд ќе мотивира многу наставници и ќе придонесе за одржување на математичкиот талент кај учениците и зголемување на љубовта и интересот кон математиката.